ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0803 – 141/4**

**Дата: 25.11.2009**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст Управа) за 2008 година, сметка за редовно работење, кои се прикажани на страниците од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Управата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Ване Цветанов - директор на Управата

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.09 до 02.10.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се

пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

## 10.1. Систем на интерни контроли

Со увид во документацијата како и од разговори со раководни лица и вработени во Управата, ревизијата утврди дека:

10.1.1. Со Правилникот за систематизација на работните места предвидени се два сектора, Сектор за регулатива и развој на системот и Сектор за спречување на перење пари и инспекциски надзор, но и во двата сектора, работните места раководител на сектор не се пополнети.

Во услови на не функционирање на контролните постапки и непостоење на соодветен надзор и организација во работењето, постои ризик да не се изврши основната дејност на Управата.

10.1.2. Во текот на 2008 година Управата при вработување не постапило согласно одредбите од Законот за државни службеници, односно не доставила барање за добивање согласност за вработување. Ангажирани се 29 лица преку Агенцијата за привремени вработувања и за истите се направени расходи во износ од 6,326 илјади денари, кои се поголеми од расходите направени за исплата на плати за редовно вработените.

Законот за државни службеници кој не се однесува на лицата вработени преку Агенции за привремени вработувања обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување на државни службеници за извршување на работите поврзани со функциите на државата, преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста, а вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.

Наведеното доведува до нецелосно спроведување на Законот за државни службеници, необезбедена фер конкуренција, висок процент на привремено ангажирани лица.

**Препорака:**

Управата да ги преземе потребните активности за пополнување на работните места предвидени со Актот за систематизација на работните места.

## 10.2. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.2.1. Пописот на средствата и нивните извори не е извршен согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетски корисници. Имено, пописната листа ги содржи само количината на средствата, односно не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба и не е изготвен Извештај за извршениот попис.

Наведените недостатоци во делот на пописот на средствата имаат влијание на реално и објективно искажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави услови за целосно извршување на пописот на средствата согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетски корисници.

## 10.3. Јавни набавки

10.3.1. Со увид во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- не е изготвен План за набавки во кој ќе се наведат вкупните потреби за набавки поради што се врши делење на набавките/повторување на постапките за јавни набавки. Независно што Управата самостојно почнува да функционира од март 2008, требало да ги проектира потребите и да ја применува законската обврска за изготвување на Планот за јавни набавки за да се избегнат горенаведените состојби.
- во сите постапки не е изготвена поедноставена тендерска документација која задолжително содржи технички спецификации за предметот на набавката и информации за подготовка на понудите кои ќе им овозможат на економските оператори целосни информации во врска со спроведување на постапката;
- извештаите за спроведените постапки не се изготвени согласно Законот, односно рачно се допишувани економските оператори кои не се избрани во постапката;
- известувањата за избор не се доставени до сите учесници во постапките или се доставени само до избраните економски оператори;
- датумите на склучените договори од спроведените постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас не соодветствуваат со датумите евидентирани во електронската архива. Имено, сите договори во електронската архива се заведени неколку месеци пред или по датумите наведени во самите договори;
- извршена е поправка на мебел во вкупен износ од 604 илјади денари два пати во текот на годината со постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, со што е избегната постапката со барање за прибирање понуди со објавување на оглас предвидена за оваа вредност;
- во постапките за спроведување на обуки за комуникациски вештини, сметководство и ревизија во вкупна вредност од 600 илјади денари, исплатата не е направена согласно договорите, односно истата е извршена пред спроведувањето на обуките. Имено, склучувањето на договорите и исплатата по истите е извршена на ист датум, иако со

договорот е предвидено обуките да траат 5 работни дена и тоа во недефиниран период во текот на 2008 година, што наведува на заклучок дека е извршено авансно плаќање на целиот износ;

- по склучувањето на договорот со избраниот економски оператор за набавката на компјутерски системи и софтверски лиценци во вкупен износ од 580 илјади денари, при инсталирањето на истите утврдено е дека бараниот тип на оперативен систем не може да се поврзе на начин на кој работи Управата, односно истиот е за ограничена употреба, а не за мрежно поврзување на повеќе клиенти. Поради тоа извршена е замена на лиценците со лиценци за оперативен систем соодветен за работењето на Управата, при што со истиот економски операторот е склучен анекс на договорот во вредност од 60 илјади денари. Наведеното требало да се предвиди и детално да се специфицира;
- за извршените услуги за привремени вработувања преку Агенција за привремени вработувања склучени се поединечни договори во 2008 година за што се исплатени средства во вкупен износ од 6,326 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки не обезбедува конкуренција, еднаков третман, транспарентност, јавност, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака**

Одговорните лица во Управата, при реализација на јавните набавки да ги почитуваат одредбите на Законот, односно да преземат мерки за обезбедување конкурентност и еднаков третман меѓу економските оператори, транспарентност и интегритет во доделувањето на договорите за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во спроведените постапки.

11. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.2 погоре, финансиските извештаи на сметката за редовно работење на Управата за 2008 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.3 не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Скопје, 23/11/2009 година

**Управа за спречување перење пари и финансирање на тероризам**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА**

| | **во 000 денари** |
|---|---|
| **Опис** | **2008** |
| **Приходи** | |
| Трансфери и донации | 18,492 |
| **Вкупно приходи** | **18,492** |
| **Расходи** | |
| **Тековни расходи** | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 4,010 |
| Стоки и услуги | 11,972 |
| **Вкупно тековни расходи** | **15,982** |
| **Капитални расходи** | |
| Капитални расходи | 2,510 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,510** |
| **Вкупно расходи** | **18,492** |

**Управа за спречување перење пари и финансирање на тероризам**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| Опис | 2008 |
|---|---|
| **Актива** | |
| **Тековни средства** | |
| Активни временски разграничувања | 814 |
| **Вкупно тековни средства** | **814** |
| **Постојани средства** | |
| Нематеријални средства | 1,189 |
| Материјални средства | 1,145 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,334** |
| **Вкупна актива** | **3,148** |
| **Пасива** | |
| **Тековни обврски** | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 814 |
| **Вкупно тековни обврски** | **814** |
| **Извори на средства** | |
| Извори на капитални средства | 2,334 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2,334** |
| **Вкупна пасива** | **3,148** |

**Управа за спречување перење пари и финансирање на тероризам**
**Сметка за редовно работење**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,454** |
| Набавки во текот на годината | 2,454 |
| **Намалување по основ на:** | **120** |
| Амортизација на нематеријални средства | 31 |
| Амортизација на опрема | 89 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,334** |